**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДЕВЕТНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 20.12.2022 година

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

# З А П И С Н И К

**Од Деветнаесеттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.11.2022 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Осумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Осумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **23 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на статутарно-правната комисија, бр.09-7455/2 од 16.12.2022 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**29.** Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје.

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-7462/2 од 16.12.2022 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**30.** Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 1032 КО Булачани, согласно Општ акт за село Булачани, за изградба на спортска сала во рамки на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 29** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 30** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **23 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "29" и "30" се составен дел од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за придружување на Општина Гази Баба кон Заложбата за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2023 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година;
6. Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-234/2016 за КП 1244/9 КО Гази Баба;
7. Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2023 година;
8. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2;
9. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци;
10. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки;
11. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE;

12. Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година;
13. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2023 година;
14. Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година;
15. Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2023 година;
16. Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година;
17. Предлог - Програма за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година;
18. Предлог - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година;
19. Предлог - Програма за дотации од Владата на Република Македонија за 2023 година;
20. Предлог - Програма за имотните права на Општина Гази Баба за 2023 година;
21. Предлог - Програма за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2023 година;
22. Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година;
23. Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2023 година;
24. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година;
25. Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2023 година;
26. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година;
27. Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва;
28. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година;
29. Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје; и
30. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 1032 КО Булачани, согласно Општ акт за село Булачани, за изградба на спортска сала во рамки на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за придружување на Општина Гази Баба кон Заложбата за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката.**

Претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **м-р Живко Белчев**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за придружување на Општина Гази Баба кон Заложбата за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Орде Маневски (Левица), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот - Сафет Адеми (ДУИ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Игор Атанасовски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2023 - 2024 година, со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-234/2016 за КП 1244/9 КО Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сашо Начовски (ВМРО - НП дел од коалиција предводена од СДСМ), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), и претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и на барање на членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, истата ја стави на поименично гласање со прозивка од службеник од општинската администрација.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | √ | | |
| 2. | м-р АЛЕКСАНДАР КАРОВСКИ | √ | | |
| 3. | м-р САШО КУКЕСКИ | √ | | |
| 4. | ТОНИ СИМОНОВСКИ | √ | | |
| 5. | ФИЛИП АНАСТАСОВ | √ | | |
| 6. | СИБЕЛА МАРКОВА | √ | | |
| 7. | ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА | √ | | |
| 8. | МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ | √ | | |
| 9 | АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА | √ | | |
| 10. | м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ | √ | | |
| 11. | ДАЈАНА РИСТОВСКА | √ | | |
| 12. | м-р ИВАН СИМОНОВСКИ | √ | | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | √ | | |
| 14. | НИКОЛА ТУТЕВСКИ | √ | | |
| 15. | м-р СОЊА ЗАШОВСКА | √ | | |
| 16. | ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА | √ | | |
| 17. | ДАРКО СТОЈАНОВСКИ | | √ | |
| 18. | ОРДЕ МАНЕВСКИ | | √ | |
| 19. | д-р БИЛЈАНА КРСТЕВСКА | | √ | |
| 20. | САФЕТ АДЕМИ | | | √ |
| 21. | АЛЕКСАНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ | | √ | |
| 22. | СУЗАНА ТРПКОВСКА | | √ | |
| 23. | ПЕНКА ЧУДО | | √ | |
| 24. | САШО НАЧОВСКИ | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | *МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ | | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | | √ | |
| 27. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |

*** Не бил присутен во тек на гласање**

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се усогласи намената на земјиштето на кое е изграден бесправен објект, по барање УП1 бр.28-234/2016 за КП 1244/9 КО Гази Баба, со **16 гласа "ЗА", 1 глас "ПРОТИВ" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2023 година, со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2.**

Претседавачот на комисијата за локален економски развој - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 20.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, членовите на советот: Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура во населба Хиподром - 2, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на примарна фекална канализација за населени места Смиљковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак, Страчинци и Брњарци, со со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на советот даде пауза од 10 минути.

**По паузата.**

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за реконструкција на уличното осветлување преку набавка и имплементација на паметни ЛЕД светилки и набавка на софтвер (SaaS) за паметни ЛЕД светилки, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО - НП дел од коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE, со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Сашо Начовски (ВМРО - НП дел од коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Васе Јаков.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Во отсуство на претседателот на комисијата, членот на комисијата за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба - **Гордана Јовиќ - Стојковска**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ), Сузана Трпковска (коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ) и м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2023 година, со **16 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Орде Маневски (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Никола Тутевски**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за дотации од Владата на Република Македонија за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за дотации од Владата на Република Македонија за 2023 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за имотните права на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за имотните права на Општина Гази Баба за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштитено подрачје Интегрална целина "Острово" на Општина Гази Баба за 2023 година, со **19 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Орде Маневски (Левица), м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Сафет Адеми (ДУИ) и претставникот од општинската администрација - Никола Јовановски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 16.12.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година, со **20 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА", 3 гласа "ПРОТИВ" и 5 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, со **17 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, со **20 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Дане Крапчев" - Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 1032 КО Булачани, согласно Општ акт за село Булачани, за изградба на спортска сала во рамки на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 1032 КО Булачани, согласно Општ акт за село Булачани, за изградба на спортска сала во рамки на ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Дветнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15** часот.

**Број 09-175/2**
**од 12 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот